Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 22 и член 25 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет **Македонски јазик за учениците од другите заедници за прва година гимназиско образование** за учебната 2020/2021 година.

## 1.Вовед

Скратената наставна програма по наставниот предмет Македонски јазик за учениците од другите заедници за прва година гимназиско образование се базира на очекуваните резултати предвидени со наставната програма за овој наставен предмет што редовно се реализира согласно утврдениот Наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни содржини што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, односно за овој наставен предмет во согласност со предвидените два часа неделно во скратената програма треба да се предвидат 64 часа поделени подеднакво на подрачјето Јазик и подрачјето Македонска литература.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните содржини од скратената програма се води од очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

## 2. Преглед на теми и наставни содржини

| **Ред бр.** | **Јазик**<br><br>**<u>Наставни содржини</u>** | **Број на предложени часови за реализација** |
|---|---|---|
| 1. | Македонскиот јазик во групата на јужнословенските и балканските јазици | 2 |
| 2. | Глас и фонема | 1 |
| 3. | Фонетика- Поделба на гласовите | 1 |
| 4. | Фонетика – Самогласки и самогласното (слоготворно) р | 1 |
| 5. | Фонетика –Согласки и класификација на согласките | 1 |
| 6. | Фонетика - Воочување ситуации во кои се случуваат гласовните промени (едначење по звучност, обезвучување и редување на гласовите) | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Правопис- Фонолошки принцип на македонскиот правопис | 1 |
| 8. | Правопис- Правилно пишување на согласни групи (шт, жд, пч, пц и др) | 1 |
| 9. | Правоговор- Правилен изговор на согласките и на определени согласнички групи | 2 |
| 10. | Акцент- Акцентот во македонскиот стандарден јазик | 1 |
| 11. | Отстапување од третосложното акцентирање | 1 |
| 12. | Акцент- Акцентот кај туѓите зборови | 1 |
| 13. | Акцент- Акцентски целости | 2 |
| 14. | Стилистика- Основно и преносно значење на зборовите | 1 |
| 15. | Стилистика- еднозначни и повеќезначни зборови | 2 |
| 16. | Стилистика - синоними, антоними, хомоними, пароними | 4 |
| 17. | Часови за повторување и утврдување на знаењата на учениците | 8 |
| | **Вкупен број на часови за реализација на подрачјето јазик** | **32** |

| Ред бр. | **Македонска литература**<br>**<u>Наставни содржини</u>** | **Број на предложени часови за реализација** |
|---|---|---|
| 1. | Фолклорот и митот како извори за литература (корелација со мајчиниот јазик) | 3 |
| 2. | Македонска народна литература. Лирика и епика | 3 |
| 3. | Споредба на светите книги Библијата и Куранот (корелација со мајчиниот јазик) | 3 |
| 4. | Средновековна литература | 2 |
| 5. | Кирил и Методиј „Панонски Легенди“ | 4 |
| 6. | Климент Охридски и Наум Охридски и нивната улога врз културата на Словените | 3 |
| 7. | Црноризец Храбар – „За буквите“ | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Средновековни жанрови | 2 |
| 9. | Охридската школа и другите средновековни препишувачки центри | 3 |
| 10. | Часови за повторување и утврдување на знаењата на учениците | 7 |
| | **Вкупен број на часови за реализација на овој модул** | **32** |

3. **Дидактички препораки**

Предметот Македонски јазик за учениците од другите заедници за прва година гимназиско образование е општо-образовен предмет со широки и разгранети функционални, образовни и воспитни цели.

Целта на наставниот предмет е ученикот да се оспособи за коректно, свесно и правилно усно и писмено изразување на македонски јазик, за изразување на сознанијата за себе и опкружувањето, за доживување и критичко размислување за себе и другите; за разбирање и примена на стекнатите знаења, да сфати дека македонскиот јазик спаѓа во групата на развиените современи јазици. Предметот Македонски јазик за учениците од другите заедници во наставниот план за гимназиското образование е сместен во групата на задолжителни предмети, а со скратената наставна програма за 159 работни дена годишен фонд изнесува 64 часа, со 2 часа неделен фонд.

Околу 32 часа се наменети за проучување на содржините од подрачјето Јазик, и 32 часа за проучување на подрачјето Македонска литература. Сепак напоменуваме дека посочениот фонд за користење на наставните часови по програмски подрачја е само предлог. Секој наставник согласно условите во кои ја реализира скратената наставна програма и можностите на учениците самостојно согласно потребите може да го определи фондот на часови по програмски подрачја.

Содржините од подрачјата Македонски јазик и Македонска литература се обработуваат одделно, но водејќи притоа сметка за остварување на внатрешната корелација. Оваа корелација е потребна од причини што и двете подрачја треба кај ученикот да ги развијат способностите за читање, пишување и говорење.

Основната улога на корелацијата помеѓу наставните содржини е да се обезбеди една целовитост на знаењата кои се предвидени да се реализираат со скратената наставна програма. Скратената наставна програма е замислена како целовит интегриран систем на вертикално и хоризонтално испреплетени содржини, поими и активности преку континуирано:

- поврзување на воннаставните стекнати знаења на ученикот со она што се учи во училиште;

- поврзување на едни со други содржини, поими и активности (во рамките на повеќе предмети или во рамките на самиот предмет);
- поврзување на она што е од претходно учено со она што сега се учи.

Општите комуникациски цели на наставата по Македонски јазик за учениците од другите заедници за прва година гимназиско образование можат да се реализираат со примена на различни постапки, методи и наставни средства.

Комуникативниот пристап се реализира преку примена на различни стратегии и форми на учење (работа во групи, работа во парови, индивидуална работа и др.).

Во прва година учениците во програмското подрачја јазик обработуваат содржини поврзани со: Историја на македонскиот јазик, Фонетика и фонологија, Акцент, Правопис и правоговор, Стилистика.

Во програмското подрачје македонска литература се обработуваат следните содржини: Теорија на литература, Средновековна литература (Почетоци на словенската писменост).

Современата настава на учење на Македонскиот јазик бара реализирање на очекуваните резултати од учење.

При планирањето на воспитно-образовната работа наставникот користејќи ја аналитичката метода треба да подготви: глобален план, тематски план и дневно оперативен план. Планирањето за да биде функционално и квалитетно треба да се води според оваа скратена програма, целата наставна програма треба да се реализира само за 64 наставни часа.

Јазичниот материјал ќе се смета дека е усвоен функционално тогаш кога учениците ќе покажат соодветни способности дека ја разбираат содржината на говорот или прочитаниот текст во говорно или писмено изразување.

При изучувањето на содржините од Јазик треба да се користат когнитивните и метакогнитивните стратегии (користење на претходните знаења од јазик, дедуктивно индуктивното заклучување, примена во контекст на дадена ситуација, анализа и критичко размислување и самостојна работа на ученикот по дадена тема). Преку подрачјето Јазик главно треба да се увежбуваат комуникациските вештини во говорена и пишана форма преку точни јазични формулации и почитување на граматиката на современиот стандарден македонски јазик.

Читањето и разбирањето на прочитан текст спаѓа во рецептивните јазични вештини. Во таа прилика ученикот ја прима и ја обработува информацијата која произлегува од текстот. Главни цели при реализацијата на способноста читање треба да бидат: дали ученикот разликува видови текстови, ја препознава и разбира темата, препознава и разбира одделни информации од текст.

При реализација на писменото изразување треба да се води сметка на следните цели: темите да бидат од секојдневието и непосредното опкружување, да се развијат лексичките и комуникативните компетенции (пишување есеји, коментари и меѓусебно корегирање на текстовите).

При реализација на усното изразување треба да се пристапи од два аспекта: функција на монолошко изразување (при што ученикот соопштува, известува, презентира и др.) или од функција на интеракција (споделување на информација помеѓу два или повеќе соговорници).

Наставата од подрачјето Македонска литература покрај функционална има и естетска цел. Таа овозможува стекнување на јазично комуникативни компетенции, но и развивање свест и чувство за убавото во естетската и експресивната вредност во уметничкото дело од македонската литература.

Во реализацијата на подрачјето македонска литература се обработуваат текстови од различни периоди во развојот на македонската литература. При обработката на текстовите се применуваат различни методи на интерпретации (историски, библиографски и др.). При изборот на текстови треба да се запазни различна жанровска застапеност. Во реализацијата на содржините можат да се користат различни мултимедијални избори (аудио книги, филмови, интернет, мобилни апликации и др.)

**Следење и вреднување на учењето**

Следењето и вреднувањето на учениците претставува дел од професионалната улога на наставникот. Од него се очекува континуирано да го следи и оценува: процесот на наставата и учењето, но и резултатите од учењето како и сопствената работа. Следењето на напредувањето и оценувањето на постигањата на учениците е формативно и сумативно. Покрај вообичаените начини на следење и оценување по пат на усно и писмено проверување, постојат и многу други начини кои наставникот може и треба да ги применува за да ги оцени објективно не само резултатите, туку и процесот на учење.

Во однос на следењето и вреднувањето на учениците потребно да се комбинираат различни начини на оценување. Единствено така наставникот може да ги согледа силните и слабите страни на ученикот. При секое оценување на постигањата потребно е на ученикот да му се даде повратна информација којашто ќе му помогне да ги разбере сопствените грешки, да ги подобри своите резултати, но и сопственото учење. Повратната информација секогаш треба да се даде навреме и таа треба да се

однесува на активностите и резултатите од учењето поврзани со ученикот, а не на неговата личност. Ученикот треба континуирано на различни начини да се охрабрува да размилсува за квалитетот на својата работа и што треба да преземе за да го унапреди сопственото учење и да ги подобри своите постигања.

**Забелешка:**

Бројот на часовите е прецизно утврден. Истиот може да се менува во согласност со потребите на наставникот, условите за работа, како и условите за реализација на целите и очекуваните резултати.

## 4. Норматив за наставен кадар

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма.

Скратената наствна програма по наставниот предмет **Македонски јазик за учениците од другите заедници за прва година на гимназиско образование** ја утврди

Бр. 12-8424/176
16.09.2020

**Министер за образование и наука**
**Мила Царовска**